РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 102-2107/39
22.08.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Градежно друштво АК ИНВЕСТ ДООЕЛ
Бр. 0307/038
14.08 2023 год.
Тетово

Врз основа на член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) и член 19, 20, 21, 22 и 99 од Договорот за набавка на работи, број24-10726/1 од14.12.2016 година и Анекс бр. 1 со број 102-698/56 од 06.10.2022 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и договор бр. 0307/094 од 30.11.2016година и Анекс бр. 1 со број 0307/077 од 03.10.2022 година на Друштво за производство,градежништво, трговија и услуги АК-ИНВЕСТ Тетово за „Работи за изведба на главен довод за наводнување од системот Равен - Речица", а во врска со доставеното барање бр. 102-2107/38 за склучување на анекс на договорот од 22.08.2023година на ден 22.08.2023 година се склучува следниот:

АНЕКС БР.2
НА
ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, соадреса: АминтаТрети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски (во понатамошниот текст Инвеститор) од една страна,
и
2.Градежно Друштво АК ИНВЕСТ Дооел Тетово со адреса на Ул.101 бр.5, с.Фалиш, Тетово, ЕМБС 6015140, ЕДБ 4028005146115, застапувано од управителот Агрон Нухиу, како носител на групната понуда и ДГУ Рапид Билд ДОО Куманово со ЕМБС 6759963 и ЕДБ 4017012518751(вонатамошниоттекстИзведувач), од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс бр. 2 кон Договорот за набавка на работи „Изведба на главен довод за наводнување од системот Равен - Речица", бр. 24-10726/1од14.12.2016 година и Анекс бр. 1 со број 102-698/56 од 06.10.2022 година,се регулираат измени и дополнувања кои се однесуваат на временската рамка на договорот - динамиката на извршување на работите, односно се врши измена и дополнување наЧлен 13 одосновниот договор.

Член 2

Се продолжува рокот за завршување на работите за 12 месеци
Согласно измената член 13од Основниот договор гласи:
"Изведувачот е должен сите работи предвидени во член 2 од овој договор да ги заврши во рок од 72 месеци од денот на воведување во работа од страна на надзорниот орган.

Член 3

Согласночлен 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката – Изведувачот соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Сите останати членови од Договорот и Анекс бр. 1 на договорот остануваат непроменети

и обврзувачки за двете страни.

Член 5

ОвојАнексбр. 2 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс бр. 2 наДоговор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Инвеститорот и 2 (два) за Изведувачот.

ИНВЕСТИТОР,
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Министер
Љупчо Николовски

ИЗВЕДУВАЧ,
ГД АК ИНВЕСТ Тетово
Управител
Агрон Нухиу

Изработил:Моника Угриновска
Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Согласен: Isni Jakupi

Прилог на Анекс договорот:
- Барање за склучување на анекс договор со документација во врска со измените:
-Барање за продолжување на рокот за изведба од изведувачот на работите примено во МЗШВ со бр. 102-2107/37 од 12.07.2023 година
- Мислење и одговор на барање за продолжување на рокот за изведба доставено од надзорниот орган,примено во МЗШВ со бр. 102-96/176 од 08.08.2023 година.